| | 424 | МАТЕРИЈАЛИ | 310.000 | 179.867 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 310.000 | 179.867 | 130.134 |
| ***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА Ѓ0 - Ѓ0. Противпожарна заштита*** | | | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 1.200.000 | 821.575 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 821.575 | 378.425 |
| | 482 | Други градежни објекти | 1.200.000 | 821.575 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 821.575 | 378.425 |

| ПРОГРАМА Ф1 - Ф1.Урбанистичко планирање | | | Буџет за 2008 година | | Наменска дотација за 2008 година | | Самофинансирачки активности за 2008 година | | Донации за 2008 година | | Кредити за 2008 година | | Вкупно за 2008 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | Останато за реализација |
| ***ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА Ф1 - Ф1.Урбанистичко планирање*** | | | | | | | | | | | | | | | |
| 42 | | СТОКИ И УСЛУГИ | 1.500.000 | 1.286.535 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 | 1.286.535 | 213.466 |
| | 425 | Договорни услуги | 1.500.000 | 1.286.535 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 | 1.286.535 | 213.466 |

| ПРОГРАМА Ф2 - Ф2. Уредување на градежно земјиште | | | Буџет за 2008 година | | Наменска дотација за 2008 година | | Самофинансирачки активности за 2008 година | | Донации за 2008 година | | Кредити за 2008 година | | Вкупно за 2008 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | Останато за реализација |
| ***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА Ф2 - Ф2. Уредување на градежно земјиште*** | | | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 13.500.000 | 9.702.425 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.500.000 | 9.702.425 | 3.797.576 |
| | 482 | Други градежни објекти | 13.500.000 | 9.702.425 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.500.000 | 9.702.425 | 3.797.576 |

Член 4

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Штип за 2008 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Штип за 2008 година се објавува во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 0701-522/1 | Претседател |
| 4 март 2009 година | на Советот на Општина Штип |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

75.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај на Општина Штип за 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-523/2 | Градоначалник |
| 11 март 2009 година | на Општина Штип |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

76.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Штип за 2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-523/1 — Претседател
4 март 2009 година — на Советот на Општина Штип
Ш т и п — Драги Илиев, с. р.

77.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ-ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-524/2 | Градоначалник
11 март 2009 година | на Општина Штип

Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

78.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 43 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ-ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

## Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување-проширување на средства во Буџетот на Општина Штип за 2009 година и тоа на следниот начин:

Се зголемуваат приходите на следните потставки:

| | Буџет | Самоф. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 741120 Блок дотации на општината | | | | | |
| По одделни намени | 0 | 0 | 0 | 12.707.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 12.707.000 | 0 |

и се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 0 | 12.707.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 12.707.000 | 0 |

## Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2009 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-524/1 | Претседател
4 март 2009 година | на Советот на Општина Штип

Ш т и п | Драги Илиев, с. р.

79.

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 38 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), градоначалникот на Општина Штип донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА
ЗАКЛУЧОКОТ БРОЈ 0701-524/3
ОД 4 МАРТ 2009 ГОДИНА

1. Се запира објавувањето на Заклучокот број 0701-524/3 донесен на седницата на Советот на Општина Штип одржана на 4 март 2009 година.
2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

О б р а з л о ж е н и е

Со одредбите на член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа е дадено право на градоначалникот да запре објавување на пропис донесен од Советот на Општината доколку смета дека истиот не е во согласност со Уставот и законите.

Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година донесе Заклучок број 0701-524/3 кој гласи:

„Средствата од ставка плати, наеми и надоместоци во програмата-**општинска администрација** да се користат строго наменски, исклучиво за законско зголемување на платите од 10% на постојано вработените во општинската администрација“.

Со оглед на тоа што донесениот заклучок од Советот е спротивен на Статутот на општината, законите и Уставот на РМ донесувам Решение за запирање на објавувањето на Заклучокот на Советот на Општина Штип број 0701-524/3 од 4 март 20009 година.

Заклучокот е спротивен на Уставот и законите од следните причини:

Заклучокот е донесен по точката на дневен ред Предлог-Одлука за измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Оваа Одлука за проширување на буџетот е произлезена од Известувањето на Министерството за финансии за износот на дополнително одобрените средства за задолжителен превоз за учениците во средно образование. Оваа Одлука има пропишана форма и со донесувањето на овие средства стануваат составен дел на буџетот за 2009

година во делот на Блок дотациите во програмата за средно образование и се строго наменски.

Буџетот на Општина Штип за 2009 година Советот на Општина Штип го донесе на седницата одржана на 26 декември 2008 година без заклучоци и забелешки заедно со Одлуката за извршување на буџетот на Опшина Штип за 2009 година. Во Одлуката во член 9 е регулирана исплата на платите на вработените во општинската администрација.

Согласно член 30 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 06/04) за извршување на буџетот одговорен е градоначалникот на општината кој извршувањето на буџетот во делот Програма ЕО-плати, наемнини и надоместоци за вработените во општинска администрација го врши согласно член 9 од Одлуката за извршување на општинскиот буџет.

Според напред наведеното донесувањето на Заклучокот е спротивно со член 51 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ број 52/91) според кој сите прописи мора да бидат во согласност со Уставот и законите.

Број 08-524/4
11 март 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

80.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К

I

Средствата од ставка плати, наеми и надоместоци во програмата-**општинска администрација** да се користат строго наменски, исклучиво за законско зголемување на платите од 10% на постојано вработените во општинската администрација.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-524/3
4 март 2009 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

81.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА „ГОРНО МААЛО“ УЕ 7 И ДЕЛ ОД УЕ 4 (8,66ха) ШТИП ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од населба „Горно маало“ УЕ 7 и дел од УЕ 4 Штип-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-525/2
11 март 2009 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип

Панде Сарев, с. р.

82.

Врз основа на член 22 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05, 24/08) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА „ГОРНО МААЛО“ УЕ 7 И ДЕЛ ОД УЕ 4 (8,66ха) ШТИП ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Горно маало“ УЕ 7 и дел од УЕ 4 (8,66ха) Штип - Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП „Штип-проект“-Штип со технички број 12/07.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:
- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- стручно мислење
- одговор на стручно мислење

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-525/1
4 март 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

83.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД „СПОРТСКИОТ ДЕНАР“ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства од „спортскиот денар“ на спортски клубови во Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-526/2 | Градоначалник |
| 11 март 2009 година | на Општина Штип |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

84.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД „СПОРТСКИОТ ДЕНАР“ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП

Член 1

Се доделуваат финансиски средства од „спортскиот денар“ на:

1. Боди билдинг клубот FLEX GYM, финансиска помош за учество на државното првенство – 6.000,00 денари.
2. Карате клубот „Штип“ за плаќање на годишна членарина – 10.000,00 денари.
3. ОК „Младост“ за реализирање на манифестацијата „Четириесет години постоење на одбојкарскиот клуб Младост“- 6.000,00 денари.
4. Тениски клуб „Триумф“ за котизација во 2009 година – 20.000,00 денари.

5. БК „Балканец-2008“ за учество на меѓународниот турнир „Дан Колов“ во Варна, Р. Бугарија – 40.000,00 денари.
6. РК „Текстилец“-Штип, финансиска помош – 35.000,00 денари.

Член 2

Средствата од точките 1, 3 и 6 да се уплатат на сметките на соодветните клубови.

Средствата од точките 2 и 4 да се уплатат на сметките на соодветните федерации по приложена фактура. Доколку истите се платени со потврда за платени средства, средствата да се преведат на соодветниот клуб.

Средствата од точка 5 да се уплатат на сметката на клубот доколку има потврда за учество на меѓународниот турнир.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-526/1
4 март 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

85.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-527/2 | Градоначалник |
| 11 март 2009 година | на Општина Штип |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

86.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се доделуваат финансиски средства за лекување на:

1. Давид Досевски - 3.000,00 денари
2. Маргарета Јаначковска - 6.000,00 денари
3. Асан Алиов - 5.000,00 денари
4. Бехаре Јусиниова - 4.000,00 денари
5. Мизафер Јусинова - 3.000,00 денари
6. Сибел Јашарова - 3.000,00 денари
7. Перихан Ајрушова - 2.000,00 денари
8. Кирил Спасов - 5.000,00 денари
9. Лида Тасева - 6.000,00 денари
10. Кенан Зејнелов - 6.000,00 денари
11. Јагода Лазарова - 6.000,00 денари
12. Сузана Мемедова - 5.000,00 денари
13. Ремзи Дибранов - 2.000,00 денари
14. Тарифа Абазова - 2.000,00 денари
15. Нада Коциќ - 6.000,00 денари
16. Ленче Тасева - 6.000,00 денари
17. Енис Мамудов - 5.000,00 денари
18. Суткие Синанова - 2.000,00 денари
19. Димче Манев - 12.000,00 денари
20. Славјанка Плешкова - 6.000 денари
21. Лилјана Савевска - 8.000 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-527/1
4 март 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

87.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ
НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

I

Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-528/2
11 март 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

88.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до

здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Еднократна парична помош се доделува на:

1. Кенан Исмаил - 20.000,00 денари за опожарена куќа
2. Марјанчо Бигорски - 10.000,00 денари
3. Орхан Демиров - 3.000,00 денари
4. Демко Мемедов - 10.000,00 денари
5. Меда Мемедов - 3.000,00 денари
6. Благица Стоилкова - 6.000 денари
7. Блага Апостолова - 6.000 денари
8. Милка и Ацо Среброви – 6.000 денари
9. Дегистан Омеров – 6.000 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-528/1
4 март 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

89.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА
ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА

ШТЕТАТА НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ,
ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗООТИИ, ЕПИФИТОТИИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

I

Се објавува Решението за именување членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-529/2
11 март 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

90.

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ број 36/04 и 49/04), член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ број 86/08) и член 21 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА
ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА
ШТЕТАТА НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ,
ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗООТИИ, ЕПИФИТОТИИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

1. За членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи **се именуваат**:
    1. Ванчо Санев
    2. Донче Јорданов
    3. Ѓорги Маноилов
    4. Крсте Митев

5. Наташа Филипова
6. Панче Пуздерлиски
7. Снежана Маролова
8. Тони Јовев
9. Лазар Соколовски
10. Тони Лазаров
11. Зоран Неделковски

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-529/1 — Претседател
4 март 2009 година — на Советот на Општина Штип
Ш т и п — Драги Илиев, с. р.

91.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
## ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“-ШТИП
## ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за тековното работење на ЈП „Штип-проект“ за период јануари-декември 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-530/2 — Градоначалник
11 март 2009 година — на Општина Штип
Ш т и п — Панде Сарев, с. р.

92.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“-ШТИП
ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештај за тековното работење на ЈП „Штип-проект“-Штип за период јануари-декември 2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-530/1 — Претседател
4 март 2009 година — на Советот на Општина Штип
Ш т и п — Драги Илиев, с. р.

93.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-531/2
11 март 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

94.

Врз основа на член 46 член 45 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 82/08), врз основа на Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ број 82/08) и врз основа на член 21 точка 8 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
## НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП
## ЗА 2009 ГОДИНА

### ВОВЕД

Оваа Програма претставува континуитет на превземените активности за уредувањето на градежното земјиште од предходните години и се базира на досегашното искуство во спроведувањето на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на градот. Според тоа, реализацијата на урбанистичките планови исклучиво ќе се одвива согласно оваа програма.

Со Програмата особено се утврдуваат:

1. Локалитетите кои ќе се уредуваат во 2009 година;
2. Обем на работа на подготвување и расчистување на градежното земјиште.
3. Обемот на уредување и степенот на опремување на земјиштето со комунални објекти и инсталации;
4. Изворите на средства за финансирање на активностите околу уредувањето на градежното земјиште и изградбата на комунална инфраструктура;

5. Висината на надоместокот за доделување и уредување на градежното земјиште по зони;
6. Начин на пресметување на трошоци за уредување на градежното земјиште и висина на надомест;
7. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти.

И покрај тоа што со оваа Програма се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште, истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создадат услови и финансиски средства за нивна ургентна реализација во текот на 2009 година.

Програмата е релативно обемна и сеопфатна со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на граѓаните, градежната оператива и другите субјекти за изградба на деловни и стопански објекти, станбени згради и друго што од своја страна треба да го спречи незаконитото градење кое перманентно преставува проблем на градот.

## *1. ЛОКАЛИТЕТИ КОИ ЌЕ СЕ УРЕДУВААТ ВО 2009 ГОДИНА*

Како градежно земјиште се смета изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Штип со населбите, како и подрачјето за станбена и друга изградба одредени со Генералниот урбанистички план на град Штип.

Во текот на 2009 година ќе се продолжи со уредување во следните населби: “Баби 5”, “Баби 6”, “Дузлак”, дел од населба “Св. Недела”, “Сењак”, “Радански пат”, “Блок 90”, “8-ми Ноември”, во стар дел на градот во постојното градско ткиво, индустриска зона “Каленица”, населба “Балкан-ска”, населба “Железничка”, станб. нас. ”Каваклија” и “Блок 2000”, инду-стриска зона “Север” и индустриската зона (кај Стококооп), Комерцијална зона ”Баби” и индустриска зона “Пребег”

Исто така ќе се продолжи и со уредување на селските населби за кои има донесено урбанистички планови и тоа: “Чардаклија”, Караорман”, “Софилари”, “Лакавица”, “Лесковица”, “Селце” и приградската населба “Три Чешми”, во зависност од условите и можностите ќе се уредуваат само делумно.

Програмата ќе биде отворена и во неа ќе бидат вградени и други локации за кои ќе има потреба од нивна ургентна реализација. Пресмету-вањето на надоместокот за уредување ќе се врши спрема стварните трошоци.

## **2. ОБЕМ НА РАБОТА НА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Овде се опфатени сите активности поврзани со расчистување на предвидените локалитети во смисла на регулирање на имотно правните односи, (во колку се работи за приватно земјиште), расчистување на постоечки инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнувањето на уредувањето на градежното земјиште.

## 3. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

3.1. Обемот на уредување на градежното земјиште, како и степенот на опремување ќе опфаќа:

Секоја индивидуална и колективна станбена зграда и деловен објект ќе добие пристап на улици, приклучок на водовод и фекална канализација до 1 метар во тротоар од парцелата и улично осветлување.

Трошоците за подготвување на градежното земјиште (фундирање), изместување на постоечки инсталации(водовод,канализација електро и ПТТ) дворно уредување, изградба на потпорни зидови кои се во функција на локацијата, оградни зидови, пристапни патеки, паркиралишта, во склоп на локацијата, дворно зеленило, приклучни такси, изградба на боксови за контејнери, канти за ѓубре, експропријација, паѓаат на товар (целосно) на инвеститорот на објектот.

Со оваа Програма се предвидува приклучување на објектите предвидени со урбанистичкиот план на постоечката или новоизградена мрежа од (улици, фекална канлизација, атмосферска канализација и улично осветлување), а додека приклучокот на електричната мрежа (трафостаница нисконапонска мрежа и приклучок) и ПТТ мрежа ке го извршат ЕВН ЕСМ и МТ со меѓусебен договор со инвеститорите. Изведените инсталации треба да бидат во согласност со проектираните од ДУП, а контролата ке се врши од страна на ЈП.”Штип-проект”.

Инвеститори кои го имаат измирено целиот износ за комунален надомест а не им е обезбеден приклучок согласно Договорот обврските на Ј.П.”Штип-Проект” си остануваaат согласно со договорот.

### 3.2. Локалитети каде ќе се врши уредување

3.2.1. Индустриска зона “Север” - локалитет до Републичка сообраќајна полиција.

- Парцела број 31 со вкупна површина од 3.540,00 м$^2$, со минимум корисна површина од 1460,00 м$^2$ по цена од 2.230,00 ден./м$^2$,надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 3.255.800,00 ден.

- Парцела број 47 со вкупна површина од 1.764,00м$^2$, со минимум корисна површина 780м$^2$ по цена од 2.230,00 ден./м$^2$,надомест за уредување на градежно земјиште изнесува 1.739.400,00 денари.

- Парцела број 51 со вкупна површина од 4.170,00м$^2$ со минимум корисна површина од 1.600,00м$^2$ по цена од 2.230,00 ден./м$^2$ ,надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 3.568.000,00 денари.

Овие урбанистички парцели може да се делат на помали делови доколку за тоа има интерес и дозволуваат техничките услови. Доколку со урбанистичка промена се овозможи додела на преостанатите урбанистички парцели, истите ќе бидат предмет на додела согласно оваа Програма.

Обемот на уредување ќе опфаќа  изградба на пристапни улици во функција на 15 парцели , водовод и канализација и улично осветлување.

Уредувањето на индустриска зона “Север” ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

3.2.2. Трговски центар “Сењак 2”

- Парцела број 4 со минимум на  корисна површина од 1.200,00 м$^2$ по цена од 2.760,00 ден./м$^2$ надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 3.312.000,00 денари.

- Парцела број 5 со минимум на  корисна површина од 900 м$^2$ по цена од 2.760,00 ден./м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 2.484.000,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа  изградба на пристапни улици во функција на 5 парцели и улично осветлување. Уредувањето на трговски центар “Сењак 2” ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

Сењак 1, 2, 3-станбена зона

Една  урбанистичка парцела Блок 10, со вкупна  корисна површина од 3500,50 м$^2$ по цена од 2.760,00 ден./м2,надоместокот за уредување на градежно земјиште  за оваа парцела изнесува 9.661.380,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа  изградба на пристапни улици и тротоари, водовод и канализација, и улично осветлување.

Уредувањето ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

Осум урбанистички парцели за услужни дејности на улица “Борис Крајгер” и тоа 1.18, 1.19, 1.20, 1.21, 1.22, 1.23, 1.24, 1.25 со вкупна предвидена бруто корисна површина од 1350.00 м$^2$ по цена од 2.760,00 ден./м$^2$, надоместок за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 3.726.000,00 денари.

За овие парцели се предвидува целосно уредување.

3.2.3. Населба “Баби “

- работна зона

Четири урбанистички парцели со вкупна корисна површина од 3.120,00 м$^2$ по цена од 2.340,00 ден./м$^2$ надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 7.300.800,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 4 парцели, водовод и канализација и улично осветлување. Уредувањето на работна зона "Баби 5" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

Седум урбанистички парцели на ул "Јајце"со вкупна површина од 350м$^2$ по цена од 2.340,00 ден./м$^2$ со вкупен надоместок за уредување на градежно земјиште од 819.000,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици, водовод, фекална канализација и улично осветлување.

- станбена зона

Десет урбанистички парцели кај сокара "АДА" со надоместокот за уредување на градежно земјиште (мин.170м$^2$ по 1.840,00 ден./м$^2$) 312.800,00 денари по парцела или вкупно 3.128.000,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 10 парцели, водовод и канализација и улично осветлување.

Уредувањето на станбена зона "Баби 5" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

- станбена зона на ул. "11$^{ти}$ Конгрес"

Седум урбанистички парцели со надоместокот за уредување на градежно земјиште (мин.170м$^2$ по 1.840,00 ден./м$^2$) 312.800,00 денари по парцела или вкупно 2.189.600,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 7 парцели, водовод и канализација и улично осветлување. Уредувањето на станбена зона на ул "11$^{ти}$ Конгрес" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

Девет урбанистички парцели на новопроектирана улица број 6 од населба "Баби 6" и тоа: ур. пар. 5.5; 5.6; 5.7; 5.8; 5.9; 5.10; 5.11; 5.12 и 5.13 со вкупна површина од мин 1530м$^2$ по цена од 1.840,00 ден./м$^2$ корисна или 2.815.200,00 денари.

3.2.4. Индустриска зона "Каленица"

За индустриската зона "Каленица" надоместокот за уредување на градежно земјиште за преостанатата недоделена урбанистичка парцела број 5 со површина од 5.234,00 м$^2$ по цена од 210 денари/м$^2$ за површината на парцелата или вкупно 1.099.140,00 денари.

Уредувањето ќе биде делумно согласно точка 3.5 од Програмата.

3.2.5. Дел од индустриска зона (Кај Стококооп)

- Две урбанистички парцели со вкупна корисна површина од 2.500,00 $м^2$ по цена од 2.340,00 денари/$м^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 5.850.000,00 ден.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 2 парцели, водовод, канализација и улично осветлување.

Уредувањето на дел од индустриска зона ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

3.2.6. Работна зона "Балканска"

Мало стопанство 3 урбанистички парцели со вкупно 2830 $м^2$ корисна површина

Цената на уредувањето ќе биде по стварните трошоци.

Обемот на уредување ќе биде делумен со обезбедување на пристапен пат и фекална канализација и ќе се применат процентите согласно точка 5 од Програмата.

3.2.7. Станбена зона "Дузлак"

Шест урбанистички парцели со вкупна корисна површина од 1.020,00 $м^2$ по цена од 2340 денари/$м^2$ надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 1.876.800,00 ден.

Уредувањето ќе биде делумно согласно точка 3.5 од Програмата.

3.2.8. Бензинска станица "Сењак"

Една урбанистичка парцела со вкупна корисна површина од 2526.00 $м^2$ по цена од 2340 денари/$м^2$ надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 6.971.760,00 денари.

3.2.9. Станбена зона "Блок 2000"

Целосно реализација на населба "Блок 2000" и тоа 20 урбанистички парцели со вкупно 5000, 00$м^2$ корисна површина.

Цената по $м^2$ ќе биде по стварните трошоци на уредување и ќе изнесува 3330 денари $м^2$ корисна површина.

За парцелите со броевите од 2001 до 2018 ќе се пресметува комунален надоместок за минимум 200 $м^2$ корисна површина.

За парцелата 2019 ќе се пресметува комунален надоместок за минимум 800 $м^2$ корисна површина.

За парцелата 2020 ќе се пресметува комунален надоместок за минимум 600 $м^2$ корисна површина.

3.2.10. Индустриска зона "Пребег"

Педесет урбанистички парцели со вкупно 100.000,00$м^2$ корисна површина.

Обемот на уредување ќе биде етапно во звисност од прибаните средства.

Цената по м$^2$ ќе биде по стварните трошоци на уредување и ќе изнесува 2340 денари м$^2$ корисна површина.

Минималната корисна површина за плаќање на комунален надомест ќе изнесува 100% од површината на зоната за градба на урбанистичката парцела.

3.2.11.Комерцијалана зона "Баби"

Девет урбанистички парцели со вкупно 12.000,00м$^2$ корисна површина

Обемот на уредување ќе биде етапно во звисност од прибаните средства.

Цената по м$^2$ ќе биде по стварните трошоци на уредување и ќе изнесува 2340 денари м$^2$ корисна површина.

Минималната корисна површина за плаќање на комунален надомест ќе изнесува 100% од површината на зоната за градба на урбанистичката парцела.

Степенот на уредување ќе се реализира согласно со динамиката на прибирање на средствата (сите средства прибрани за уредување на урбаниот блок во тековната година ке бидат вложени за уредување) а додека целосното уредување ќе се реализира со прибирање на вкупните средства предвидени за комплетно уредување на урбаниот блок.

Доколку уредувањето е со повеќе стварни трошоци од оние кои треба да се добијат со пресметувањето на комуналниот надоместок за соодветната зона, пресметувањето на надоместокот за уредување ќе биде согласно нив.

## 3.3. Доградба и надградба на постојните легално изградени објекти

За доградба и надградба на легално изграден објект со иста намена на просторот како постојниот објект (освен за надградба со поткровни површини), за површина до една половина од постојниот објект,*„и за ново изградени зголемени површини во внатрешноста на објектот (нови галерии, еркери, излози, испусти...)„*ќе се наплатува 50% од висината на надоместокот од соодветната зона.

За доградба и надградба на објект со површина поголема од една половина на постојниот објект ќе се наплатува 100% од висината на надоместокот од соодветната зона.

Кога се врше доградба-надградба на објект со несоодветна намена (деловен врз гаража) комуналниот надоместок ќе се наплатува во целосен износ - 100% од висината на надоместокот од соодветната зона т.е нема да важи став 1 од оваа точка.

Правото на попуст за доградба-надградба ќе се применува само за објекти за кои градежното одобрение е издадено најмалку пред десет години, а во останатите случаи надоместокот ќе се пресметува 100%од соодветната зона.

### 3.4. Изградба на објекти на локација на која се руши легално изграден стар објект

Инвеститорот кој гради нов индивидуален станбен или деловен објект, а на локацијата се руши постоечки објект кој е легално изграден во постојното градско ткиво, пресметувањето на надомстокот за уредување на градежното земјиште ќе се врши на следниот начин:

Ќе се изврши премер на корисната станбена или деловна површина која треба да се руши , постојната површина се одбива од новопредвидената, а за останатата површина се применува точка 3.3 од оваа програма.

Доколку постоечкиот објект е срушен и не може да се изврши премер на неговата инвеститорот треба да приложи поседовен лист од Републичка геодетска управа и тоа само едно ниво намалено за 30% за ѕидови.

Пресметувањето на комуналниот надоместок ќе се врше врз основа на заверена проектната документација која е изработена според условите за градба издадени од одделението за урбанизам и заштита на животна средина или Министерсто за транспорт и врски а согласно ДУП.

Ако површината на новиот објект е иста или помала од постоечкиот објект што ќе се руши, тогаш инвеститорот не плаќа комунален надоместок, а има да се приклучи на постојните комунални приклучоци со веќе одреден капацитет (водовод, канализација).

Во колку инвеститорот бара да биде приклучен на нов комунален приклучок со зголемен капацитет (поголем капацитет на водовод или канализација), инвеститорот го плаќа на ЈП реалниот трошок за проектирање и изведување на било кој комунален приклучок.

Во централното градско подрачје при изградба на заеднички и колективни објекти (комбинирани деловни и станбени објекти) со битно зголемување на корисната површина од постојната, према ДУП трошоците за уредувањеке се пресметуваат према реалните трошоци за уредување (нови приклучоци на водовод, канализација), на улица, тротоар, дворни уредувања и слично.

Доколку има потреба од изградба на нови приклучоци (водовод, фекална канализација) или изместување на инсталации (водовод, фекална канализација) на постојната локација (за објекти со површина зголемена до мах. 50% од постојната), тие ќе паднат на терет на инвеститорот.

### 3.5. Изградба на објекти на неуредено земјиште

За доделени објекти на локалитети кои се неуредени (ДУП Каваклија) ќе се плаќа надомест од 20% од соодветната зона со тоа да корисниците сами ќе го уредат земјиштето и тоа сами ќе го решат пристапот до локацијата и сите потребни доводи од потребните инсталации (вода, канализација, струја, ПТТ приклучоци) во согласност со Програмата за уредување на градежно земјиште.

Надзорот над изведување на градежните работи од уредувањето и изработката на Основните проекти за изградба ке го врши ЈП ”Штип-проект”.

Во случаите каде што корисниците на изградени објекти имаат вонплански објект и се вклопени во ДУП, а комуналната инфраструктура (водовод, канализација) ја решиле сами и истата се вклопува во ДУП, трошоците за надоместок ќе бидат намалени за делот кој е веќе вклопен. Ако е потребно инфраструктурата да се преуреди, цената ќе се пресмета по стварните трошоци.

Уплатените средства за комунален надомест во висина од 20% од соодветната зона се средства за направените трошоци за геодетска и урбанистичка документација, проектирање и одржување на постојната инфра-структура.

### 3.6. Пренамена на просторот

Инвеститорот кој врши пренамена на веќе изградениот простор од станбен во деловен ќе доплати надоместок во износ на разликата помеѓу поранешната намена на просторот и пресметковната вредност на новата намена по цена која важи во моментот на пресметката.

За пренамена од јавен, деловен производен во станбен простор, не се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште.

### 3.7. Нерегулирани обврски

Нерегулираните обврски на инвеститорите во уредувањето на градеж-ното земјиште (утврдени разлики во изградената површина, или објекти градени без платен комунален надоместок за уредување на градежното земјиште) ќе се регулираат и наплатат по цени што ќе важат на денот на плаќањето односно на денот на утужувањето.

Нерегулираните обврски ќе се утврдат со извршен премер од страна на одредена комисија од јавното претпријатие за вршење на ваков премер и истите ќе се регулираат со склучување на договор или анекс-договор.

## 4. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОКОЛУ УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ИЗГРАДБАТА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Изворите на средствата за финансирање на активностите околу уредувањето на градежното земјиште, реконструкција, изградба и одржувањето на улици и изградба на комуналната инфраструктура во 2009 година се:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на СО-Штип | 30.000.000,00 |
| | **ВКУПНО** | 30.000.000,00 |

Во финансирањето на уредувањето на градежното земјиште учествуваат и комуналните организции (ЈП "Исар")во висина од 20% од трошоците за уредување од нивната инсталација, доколку со објектите на инфраструктурата стопанисуваат овие субјекти.

**ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО НАСЕЛБИ И ЗОНИ**

Просечниот надоместок за уредување на градежно земјиште по еден м$^2$ изградена корисна површина како надоместок за 2009 се утврдува како следува:

| | | I ден/м$^2$ | II ден/м$^2$ | III ден/м$^2$ | IV ден/м$^2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Индивидуални станбени објекти (мин.170м$^2$), Колективни станбени објекти | 2530 | 2160 | 1840 | 1730 |
| 2. | Деловни објекти | 3330 | 2760 | 2340 | 2070 |

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за нас."Блок 85/90" изнесува:

- Индивидуални и колективни станбени згради: ........................................ 2.530,00 ден/м$^2$
- Деловни објекти: ........................................................................................ 3.330,00 ден/м$^2$

Во населба "Баби 5" и "Баби 6", за самостојни станбени објекти 1840 ден/м$^2$ (за минимум 170 м$^2$) и лепени објекти 1840 ден/м$^2$ (за минимум 130 м$^2$) корисна површина.

За објекти за инфраструктура се наплаќа надомест од 100 % по м$^2$ корисна површина од соодветната градежна зона.

За индустриската зона "Каленица" надоместкот за преостанатата недо-делена урбанистичка парцела број 5 со површина од 5.234,00 м$^2$ изнесува 210 денари/м$^2$ за површината на парцелата. Предвидените средства се за веќе направените трошоци за урбанистичка и техничка документација и за веќе изградената магистрална инфраструктура. Уредувањето на градежното земјиште го врши инвеститорот.

За доделени локации во индустриската зона "Север" надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 2.230,00 ден./м$^2$ корисна површина.

За доделени локации во Станбена зона "Блок 2000" надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 3330 денари м$^2$ корисна површина.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште во урбанизираните селски населби изнесува 10% од IV зона, а тоа се трошоци за изработка на урбанистичката и техничката документација.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште надвор од опфатот на ГУП ќе се уплатува 10% од надоместокот кој важи за IV зона. Предвидените средства се за веќе направените трошоци за техничката документација.

Со цел да се легализираат огромниот број нелегално изградени објекти се дава можност корисниците да го платат комуналниот надоместок за уредување на градежно земјиште етапно, а во зависност од тоа и уредувањето да биде етапно,во согласност со висината на уплатениот дел. Во случај на делумно уредување ќе се применат следниве проценти за наплата на надоместок за уредување на градежно земјиште спрема соодветните зони и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на улици и тротоари | 60% |
| 2. | Изградба на водовод | 9% |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 14% |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 11% |
| 5. | Улично осветлување | 6% |
| | **ВКУПНО**: | 100% |

Корисниците на локациите во согласност со програмата за уредување на градежното земјиште ќе извршат уредување на земјиштето.

Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно трошковникот е до 100.000,00 денари тогаш корисникот го плаќа целиот износ веднаш.

Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно трошковникот е над 100.000,00 денари, тогаш 70% од овој износ корисникот треба да го плати веднаш, а остатокот на шест (6) рати.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува најмногу на 6 месечни рати и учество од 70% од вкупниот износ со инструмент за обезбедување на плаќањето (нотарски договор, ____________).

За деловни објекти кои се наоѓаат во постоечките индустриски локалитети (поранешна ПИ “Македонка”, МК “Астибо” и “Метална”) за кои како инвеститор се јавува правно лице кое со изградбата на произведен капатитет ќе овозможи нови вработувања, наплатата на комуналниот надоместок за уредување ќе се врши на следниот начин:

1. до 10 нови вработувања - 30% од вредноста
2. од 10 до 50 нови вработувања - 25% од вредноста
3. од 50 до 200 нови вработувања - 20% од вредноста
4. над 200 нови вработувања - 15% од вреднсота за цената во соодвет-ната зона.

Доколку се јави потреба од дополнителното доуредување на инфра-структурата ќе биде на товар на инвеститорот.

Инвеститорот кој ќе ги користи напред наведените ослободувања е должен да приложи нотарски заверена изјава дека:

1. ќе го оствари наведениот број вработувања со пуштање на објектот во функција
2. да го одржи тој број вработени најмалку 5 години.

Изјавата на инвеститорот од претходниот став е составен дел на Договорот за платен комунален надоместок.

За следењето на бројот на вработувањата поради што инвеститорот ги користи наведените ослободувања истиот е должен да достави потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на почетокот на фукционирањето на објектот и на секои 6 месеци во рок од 5 години.

Доколку инвеститорот не ги исполнува условите од став 17-21, истиот е должен да го плати комуналниот надоместок во целост.

Ослободувањата на комуналниот надоместок се однесува само за новопредвидени објекти за градба, а не за доградби и надградби од точка 3.3. и 3.4. од Програмата и за објекти кои се изградени без потребната градежна документација.

**НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КОРИСНАТА ПОВРШИНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НАГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со следните коефициенти:

6.1. Станбени објекти

| | |
|---|---|
| - станбени простории | 1.0 |
| - станбени простории со висина до 2.50 м (поткровје) | 0.3 |
| - логија затворена од три страни | 0.5 |

| | |
|---|---|
| - подлогија затворена од 2 страни | 0.3 |
| -балкони, тераси | 0.2 |
| - заеднички проодни тераси, пасажи | 0.2 |
| - Сутерен | 1.0 |
| - Галерија со висина над 4.50 | 1.4 |
| - помошни простории, острава за гориво, котлара, визба (подрум) | 0.3 |
| - Подрум се пресметува кога 2/3 на висината бруто е влезена во земја. | 0.3 |
| - трафостаница до 35кв во објект и надвор од објектот | 0.4 |
| -скалишен простор и заеднички комуникации на 3 и повеќе станбени единици 0.3 | 0.3 |
| -стражарници, управител, простории за домар или хаусмајстор | 0.5 |
| - гаражи (максимум 50% од помошните простории во објекот) | 0.1 |
| - Гаража во Приземје | 1.0 |

## 6.2.Деловни, јавни и производни објекти

| | |
|---|---|
| - простории<br>- магацин во приземје во функција на деловен објект(дуќан) | 1.0<br>1.0 |
| - Сутерен | 1.0 |
| - Галерија со висина над 4.50 | 1.4 |
| - магацини, простории во визба | 0.4 |
| - гаражи (максимум 30% од помошните простории во објекот) | 0.1 |
| - Гаража во Приземје | 1.0 |
| - трафостаница до 35кв во објект и надвор од објектот | 0.4 |
| - трафостаница над 35кв | 1.0 |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | 0.5 |
| - логија затворена од три страни | 0.5 |
| - подлогија затворена од 2 страни | 0.3 |
| -балкони, тераси | 0.4 |
| - Отворен наткриен простор (настрешници) | 0.3 |

## 6.3. Други објекти

| | |
|---|---|
| - катна гаража | 0.2 |
| - спортски покриени објекти | 0.5 |
| -Бензински пумпи или гасни станици за 50% од површината на локацијата | 1.0 |
| - отворени пазаришта - за 30% од површината на локацијата | 1.0 |
| -базени | 2.0 |

Дадената висина во табелата за поткровје од 2.50 м е максимална висина на поткровниот простор во средишниот дел на објектот. Во согласност со член 130 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објектите („Службен весник на РМ“ број 69/99 и број102/00), поткровниот простор се јавува кај коси покриви на објектот, во зависност од урбанисти-чко-архитектонските услови на планската документација. Надоѕидот на фасадните ѕидови (освен на калканскиот ѕид) на поткровниот простор изнесува максимум 1.50м. рачунато од подот до

почетокот на косината. Во поткровниот простор може да се обликува само една функционална целина (едно ниво) соодветна на објектот. Кај објектите со коси покриви, кота на венец претставува котата на горниот раб на заштитна стреа на основната кровна конструкција.

Согласно Правилникот („Службен весник на РМ“ број 69/99), не се применува коефициентот за поткровје за деловни објекти.

На деловите во поткровниот простор повисок од 2.50м. ќе се примени коефициент 1.00.

Начинот на пресметувањето ќе се изврши со множење на новата корисна површина со цена од соодветната зона.

Во корисната површина не се пресметува површината на ѕидови и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна за лифтови, ниши на врати, паркиралишта и отворени спортски игралишта.

7. Средства наменети за изработка на документација за градење , изградба и одржување на инфраструктурни објекти

Средствата во висина од 30.000.000,00 ден. ќе се користат за изградба и одржување на комунални објекти во градот, решавање на имотно правните односи и за изготвување и инвестиционо-техничка документација.

**7.1. Изработување на инвестиционо - техничка документација**

7.1.1.Основен проект за улици во деловна зона “Баби”

7.1.2. Основен проект за водоснабдување во деловна зона “Баби”

7.1.3. Основен проект за фекална канализација во деловна зона “Баби”

7.1.4. Основен проект за улично осветлување во деловна зона “Баби”

7.1.5.Основен проект за улици во деловна зона “Пребег”

7.1.6. Основен проект за водоснабдување во деловна зона “Пребег”

7.1.7.Основен проект за фекална канализација во деловна зона “Пребег”

7.1.8. Основен проект за улично осветлување во деловна зона “Пребег”

7.1.9. Основен проект за потпорен зид на улица “Тодор Коларов”

7.1.10. Основен проект за потпорен зид на улица “Широк Дол”

**вкупно: 1.200.000,00 денари**

**7.2. Регулирање на имотноправните односи -------- 2.000.000,00 денари**

**7.3. Работи поврзани со уредување на градежно земјиште**

| | | |
|---|---|---|
| 7.3.1 | Изградба на автобуска постројка на ул. Васил Главинов” (пред о.у.”Ванчо Прќе”) | 1.500.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 7.3.2 | Изградба на потпорни зидови на :<br>ул. "Димо Хаџи Димов"<br>ул."Косовска"<br>ул."Широк Дол"<br>ул."Пролетерска"<br>ул."Тодор Колров" | 2.500.000,00 |
| 7.3.3 | Реконструкција на тротоар на ул.Христијан Карпош"(пред Црвени кули ) | 500.000,00 |
| 7.3.4 | Асфалтирање на улица "Брака Миладинови - Страшо Пинџур" | 1.000.000,00 |
| 7.3.5 | Асфалтирање на улица "Борис Крајгер" | 2.500.000,00 |
| 7.3.6 | Реконструкција на ул."Сутјеска" втор дел | 13.000.000,00 |
| 7.3.7 | Изградаба на улица "Овчеполска" | 600.000,00 |
| 7.3.8 | Изградба на крак на улица "Битолска" | 300.000,00 |
| 7.3.9 | Изградба на помали пристапни улици<br>по иницијатива на граѓани | 2.000.000,00 |
| | **Вкупно** | **23.900.000,00** |

**7.4. Стручен надзор при изведување на работите ........ 300.000,00 денари**

**7.5. Одржување на улици и патишта ..........................2.000.000,00 денари**

**7.6. Трошоци за изготвување и финансиско следење на договорите за комунално уредување ..................................................... 600.000,00 денари**

**Вкупно**: 7.1,7.2,7.3,7.4,7.5,7.6 **30.000.000,00 денари**

## 8. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на градот, поради што повеќе фазно со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на погоре кажаното, од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

- приливот на средствата преку надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- благовремено распишување на конкурси за доделување на земјиштето;

- ЈП "Штип-проект" со цел превземањето на мерки за регулирање на наплата на неплатениот надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти со поголема изградена површина од онаа што е во проектната документација, разликата за комунален надоместок ќе ја регулираат со склучување на Анекс-договор со инвеститорите.
- По завршувањето на уредувањето на градежното земјиште комисиски да се предаде комуналната инфрастуктура на надлежните институции за одржување.

8.1. Од вкупно собраните средства за уредување на градежното земјиште 2% ќе се наменат за реконструкцијата на улично осветлување во Општина Штип.

**9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа Програма се грижи Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште „Штип-проект" - Штип.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип", а ќе се применува до донесувањето на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2010 година.

Број 0701-531/1
4 март 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

95.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА
ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА
2009 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-532/2
11 март 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

96.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05 и 24/08) и член 5 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичката обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните и урбанистички планови („Службен весник на РМ“ број 78/06), како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
### за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2009 година

1. Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2009 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 03/09) се дополнува со точка 14. Изработка на ДУП за индустриска зона „Македонка“ за УЕ број 63, 64, 66 и дел од 65 и 67 на потегот помеѓу железничката пруга, патот Штип-Кочани и јужната граница на индустрискиот комплекс „Македонка“.

2. Програмата во делот **Извори на финансирање** се дополнува со:

Точката 14 ќе се финансира од средства од Владата на РМ, изготвувач Агенција за планирање на просторот на РМ.

Број 0701-532/1
4 март 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

97.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА
ЕКО КАМПАЊА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за ЕКО КАМПАЊА 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-533/2
11 март 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

98.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА
ЕКО КАМПАЊА 2009 ГОДИНА

I

Се донесува Програма за ЕКО КАМПАЊА 2009 година со следните **заклучоци**:

- Да се организира јавна презентација на Законот за јавна чистота.
- Законот за јавна чистота да се презентира пред учениците од основните и средните училишта во општината.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-533/1
4 март 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

99.
Република Македонија
Општина Штип
Број 1504-303/1
06.02.2009 година
Ш т и п

ПРОГРАМА ЗА

# ЕКО КАМПАЊА 2009

**02 март – 22. април**
**месецот на екологијата**
***"Мислата за чиста животна средина ја буди нашата совест"***

| *Временска рамка* | *Активност* | *Носител* | *Поддршка* | *место* |
|---|---|---|---|---|
| **14 mart**<br>(сабота)<br>официјално | предвидена акција за масовно пошумување **"ДЕН НА ДРВОТО"** | Акција за пошумување низ целата Република<br>Акција за садење садници и низ училиштата | Влада на РМ | Калимерово<br>5 хектари<br>10.000 садници<br>Robinia Pseudocaccia |
| (недела на Еколошкото друштво Виножито)<br>**02-13 март**<br>(понеделник-петок) | Со предвидената програма од страна на ЕД Виножито<br>(посета на расадникот на ЈП Исар, помошта на младите екологисти околу средувањето на нов парк во УЗ Автокоманда ) | Еколошкото друштво Виножито | Преставници од еколошкото друштво | / |
| **09 март-22 април**<br>(понеделник-среда)<br>Писмо до сите школски установи | Акција за собирање рециклаторна хартија | Сите училишта, Универзитетот, | ЈП Исар | ЈП Исар |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **13 март**<br>(петок) | Спортски натпревари – кошарка финале –10 часот | Основно- машки<br>Средно - женски | ЛС, Сојуз на училишен спорт | Гимназија „Славчо Стојменски“ |
| **16-21 март**<br>**Трета недела од март** | Недела на екологијата во детските градинки<br>(блок од повеќе содржини) | Детските градинки | Воспитувачи од детските градинки | Во нивните установи |
| **20 март**<br>(петок) | Еколошка работилница<br>Еколошки часови за природата и нејзиниот благодат | Детските градинки, Основните училишта | Преставници од Еколошкото друштво Виножито | Во детските градинки, Основните училишта |
| **21 март**<br>(сабота) | Уредување на работниот простор и дворовите во училиштата | Основни Училишта; СОУ, Детски Градинки | / | Секој во своите простории |
| | **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ Медиумски- Предавање по училиштата**<br>**НА ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА** | Сите граѓани<br>на Општина Штип | Координацијата заедно со медиумите | / |
| | Пролетен хепенинг | Дом на млади | Дом на млади | Дом на млади |
| **23 март-13 април**<br>**(**понеделник[2]) | Масовно чистење на дворовите | Месното население<br>по Урбаните заедници | ЈП Исар<br>ЈП Штп Проект | Во своите дворови |
| **24-25 март**<br>(вторник-среда) | Уредување на паркови и зеленило (кружниот ток) | ЈП „Исар“ | ЈП „Исар“ | / |
| **25 март**<br>(среда) | Акција за чистење на локалитетот Исар | ЈП „Исар“ и ЕД Виножито | Исар и ЕД Виножито | тврдината Исар |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **27 март**<br>(петок) | Спортски натпревари – ракомет финале- 10 часот | Основно- машки<br>Средно - машки | ЛС, Сојуз на училишен спорт | Основно училиште „Тошо Арсов“ |
| **28 март**<br>(сабота)<br>Договор со МВР за почетокот | Велосипедски маратон до населбата Три Чешми -11 часот | Сите деца со велосипед | Сите деца со велосипед | Медиуми |
| **01 април**<br>**(денови на шегата)**<br>(среда) | АПРИЛИЈАДА | Основно Училиште „Димитар Влахов“<br>Детски градинки | ЛС,<br>Советот на Општина Штип | Крƒтеке |
| **06-13 април**<br>(понеделник[2]) | Екопатрола<br>посета на расадниците за хортикултура на ЈП Исар | Еколошкото друштво Виножито | Советот на Општина Штип | / |
| **13-17 април**<br>(понеделник-петок) | Презентација на ***Законот за јавна чистота (Сл.весник 111/08)*** со неговите казнени одредби | Основните училишта<br>Средни училишта<br>Јавна презентација на отворено за сите граѓани | ЛС (комунална инспекција) МВР | Основните училишта |
| **16 април**<br>(четврток) | Ликовна и литературна изложба на<br>тема „Мислата за чиста животна средина ја буди нашата совест“ | Основните училишта | ЛС | Дом на млади |
| **22 април**<br>(среда) | **ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА** | Одбележување медиумски | Преставник од еколошкото друштво | медиумски |

*координатор Сенка Андреева*

***Потребни средства по активности*:**

Спортско пролетен турнир (кошарка и ракомет): четири пехари, маици со логото и беџови за сите учесници
Прибирање на стара хартија: признаници и беџови
За сите активности: освежување, сок минерална вода, кафе, чај
Маркетинг: спот-соопштение на ТВ, плакат

**Трошковник:**

1. Плакати 50 ........................................................................ ........................................................... 10.000.00
   Беџови 250 (парче 60 ден)........................................................................................................ 15.000,00
   (Лонгуров)
   Маици 200 (ЕАМ Дизајн)
   -со јакичка 70...................................................................................со ДДВ.................. 20.650,00
   (250 мкд+ДДВ)
   -без јакичка 130................................................................................со ДДВ................. 20,020,00
   (130 мкд+ДДВ)
2. Гумени ракавици 1100 броја (2,50 денари парче)........ ......................................................... 2.750,00
3. Црни вреќи за отпад 200 (ролна димензии 110см-70см)
   (20 кеси= 199 мкд)............................................................................................................... 2.000,00
4. Награди за најдобрите маски на Априлијадата.................................... 3.000,00
5. Пехари 4.................................................................................................................................. 5.000,00
6. Признанија 30 (парче 120 ден)............................................................................................. 3.600,00
   (Лонгуров)
7. Изработка на 1 ТВ спот ....................................................... 11.435,00
   **(**ТВ Стар**)** /4355,00 со вклучен ДДВ
   **(**ТВ Ирис**) /**7.080,00 со вклучен ДДВ

8. Емитување на ТВ спот ...................................... 18.300,00
/ТВ СТАР емитување 9440,00 со вклучен ДДВ (4 пати на ден / 40 сек. цел месец)
/ТВ ИРИС емитување 8850,00 со вклучен ДДВ (6 пати на ден / 40 сек. цел месец)

9. Изработка и емитување на радио спот .......................................................................................... 18.000,00
Радио Черења .....................................6000,00
Радио Штип..........................................6000,00 (5 пати на ден траење 60 секунди)
Радио Канал 77......................................6000,00
10.Пролетен хепенинг <<< Дом на Млади......................................................................................... . 30.000,00
11.ЕД ІВиножитов (,еко-патроли, посета на резерватот ІИнтернационалв )................................... 45.000,00
12.Центар за Пермакултура и Мироградба........................................................................................ 20.000,00
13.Озвучување (изнајмување за 4 манифестации)............................................................................ 10.000,00
14.Трошоци за организирање на изложбата........................................................................ ....................... 6.000,00
15.Трошоци за освежување за сите манифестации..........................................................................15,000,00
-за велосипедскиот маратон до Три чешми (маички и освежување, сокчиња, кисела вода)
- за спортските натпревари (пехари, маички и освежување, сокчиња, кисела вода)
16. Превоз............................................................................................................................... 6.000,00

---

ВКУПНО: **249.255,00 денари**

приближно **250.000,00 денари**

100.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ
ПРИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА
2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за работа на Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-534/2 — Градоначалник
11 март 2009 година — на Општина Штип
Ш т и п — Панде Сарев, с. р.

101.

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ број 66/06), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08) и Програмата за работа на Советот на Општина Штип за 2009 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА
РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ
ПРИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА
2009 ГОДИНА

I

Се донесува Програма за работа на Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Штип за

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-534/1
4 март 2009 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

102.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2009 ГОДИНА НА КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

- Изготвување на Информација за работата на Комисијата за еднакви можности за 2008 година доставена за разгледување на Совет и градоначалник на Општина Штип;
- Изготвување Извештај за работата на Комисијата за еднакви можности 2008 година и негово доставување до Министерство за труд и социјална политика-сектор за еднакви можности, Координатор за еднакви можности, НВО и други засегнати страни;
- Изготвување на предлог одлука до Советот за усвојување на Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности 2009;
- Изготвување на предлог одлука до Советот за усвојување на Локален акционен план за еднакви можности;
- Учество на Комисијата за еднакви можности при изготвување на предвидените проекти во рамки на Локален акционен план за еднакви можности;
- Учество на Комисијата за еднакви можности во имплементацијата на дефинираните проекти и активности во рамки на Локален акционен план за еднакви можности;
- Организирање на локална активност за одбележување на денот на жената - 8-ми март;
- Организирање на активност за одбележување на денот за борба против семејното насилство;
- Организирање на активност за борба со трговијата со луѓе;

- Организирање на обуки за просветните работници за дефинирање и имплементирање на родовите програми за работа на образовните општински институции , во рамки на Оперативната програма за образование изготвена од МТСП-СЕМ;
- Организирање на работилници со Комисијата за еднакви можности од регионот за размена на искуства од досегашното работење и практики;
- Организирање на регионални средби со Комисијата за еднакви можности од регионот за изготвување на Регионален акциски план за еднакви можности;
- Учество на работилници за дефинирање на индикатори за мерење и споредување на имплементираните родови политики на национално и меѓународно ниво;
- Континуирано организирање на обуки за членовите на Комисијата за еднакви можности, членовите на Советот, координаторот за еднакви можности и општинската администрација;
- Континуирано присуство на конференции, форуми, округли маси, дебати, трибини, работилници за размена на искуства и механизми и презентирање на работата на Комисијата за еднакви можности во делот на локалната но и националната родова политика;
- Континуирано ажурирање на постоечката родова дата-банка податоци за учеството и застапеноста на обата пола во јавниот и приватниот сектор;
- Континуитано разгледување на сите развојни општински документи, проекти, стратегии, акциони планови, програми и слично низ родова перспектива и учество на членови на Комисијата за еднакви можности во процесот на изготвување на истите;
- Разгледување на Извештаите за за работењето 2008 година на градинките, основните и средните училишта при општина Штип кои се предмет на разгледување од страна на Советот;
- Разгледување на Програмите за работа 2008/09 година на градинките, основните и средните училишта при Општина Штип кои се предмет на разгледување од страна на Советот;
- Континуирано разгледување на барањата и претставките од граѓани кои имаат родова природа;
- Континуирано разгледување на барања и иницијативи од НВО секторот кои имаат родова тематика ;
- Инициирање на локални акции на различни тековни родови теми во соработка со НВО;
- Континуирана транспарентност во работењето на Комисијата за еднакви можности-медиумско присуство на седниците на Комисијата за еднакви можности, дистрибуција на извештајот и

програмата за работа на Комисијата за еднакви можности, до сите засегнати страин како и редовни медиумски настапи на членовите на Комисијата за еднакви можности.

Поради тоа што досегашната пракса на работа на КЕМ беше со мултидисциплинарен пристап (во поширока соработка со МТСП-сектор за еднакви можности, Совет на Општина Штип, градоначалник, координатор за еднакви можности, Народен правобранител, Центар за социјална работа, Агенција за вработување, Државен завод за статистика, Судство, Јавен обвинител, трудова инспекција, синдикални организации, МВР Штип, јавни и приватни здравствени организации, Биро за лекови, Клуб на пратенички, локални и национални женски сојузи, мрежи и НВО), во рамки на програмата не поставуваме и календар за нејзино извршување (освен временската рамка 2009 година и активностите за одбележувања на конкретни денови-8-ми март, ден за борба против семејно насилство кои се утврдени на светско рамниште) заради усогласување на временски термини за истите во соработка со сите горенаведени институции и НВО.

Во функција на програмската рализација и идентификување на потребите на локалната самоуправа со можностите на Советот, за секоја поединечна активност, Комисијата за еднакви можности ќе истапи со посебно барање и образложение пред останатите надлежни комисии при Советот, односно пред Советот на Општина Штип.

Предлагач: Комисија за еднакви можности
Претседател: Данче Николовска Вратеовска

103.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ДОМОТ НА МЛАДИ-ШТИП ВО 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Домот на млади-Штип во 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-535/2 | Градоначалник
11 март 2009 година | на Општина Штип
Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

104.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА
НА ДОМОТ НА МЛАДИ-ШТИП
ВО 2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работа на Домот на млади-Штип во 2008 година без финансиските показатели во него, бидејќи истите ќе бидат разгледани заедно со завршната сметка на Домот на млади.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-535/1 | Претседател
4 март 2009 година | на Советот на Општина Штип
Ш т и п | Драги Илиев, с. р.

105.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на

Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА ДОМОТ НА МЛАДИ-ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за донесување на Програма за работа на Домот на млади - Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-536/2
11 март 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

106.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА ДОМОТ НА МЛАДИ-ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за работа на Домот на млади - Штип за 2009 година.

II

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување-то во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-536/1
4 март 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

107.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА
ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА
НОВАТА 2009 И БОЖИКНИТЕ ПРАЗНИЦИ

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за Програмата за одбележување на Новата 2009 и Божикните празници.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-537/2
11 март 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

108.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА
ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА
НОВАТА 2009 И БОЖИКНИТЕ ПРАЗНИЦИ

I

Се усвојува Извештајот за Програмата за одбележување на Новата 2009 и Божикните празници.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-537/1 Претседател
4 март 2009 година на Советот на Општина Штип
Ш т и п Драги Илиев, с. р.

109.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ОД
ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај од ФК „Брегалница 2008“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-538/2 Градоначалник
11 март 2009 година на Општина Штип
Ш т и п Панде Сарев, с. р.

110.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и

11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ОД
ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“

I

Се усвојува Извештајот од ФК „Брегалница 2008“.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 0701-538/1 | Претседател |
| 4 март 2009 година | на Советот на Општина Штип |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

111.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009-2013 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Локален акционен план за еднакви можности за Општина Штип за 2009-2013 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-539/2 | Градоначалник |
| 11 март 2009 година | на Општина Штип |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

112.

Врз основа на член 5 став 2 и член 6 став 3 алинеја 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ број 66/06), член 46 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 4 март 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009-2013 ГОДИНА

I

Се донесува Локален акционен план за еднакви можности за Општина Штип за 2009-2013 година со следниот **заклучок**:

- За секоја проектна програма Советот да одлучува поединечно.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-539/1
4 март 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

113.

ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009-2013 ГОДИНА

**Вовед**

Локалниот акционен план за родова рамноправност на Општина Штип претставува стратешки документ, кој што ги дефинира областите, целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиките за унапредување на родовата рамноправност во различните области на живеење, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на родовата рамноправност и еднаквите можности на жените и мажите во општината. Овој документ е димензиониран за период од 5 години.

Основна цел на документот е да се подобри статусот на жената и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамно-

правност и подеднаква вклученост на двата пола во сите општествени процеси и појави. Секоја демократска локална самоуправа која има круцијална улога во обезбедувањето на социјална, економска и политичка правда за сите граѓани во заедницата е должна да им посвети влијание на статусот и на позицијата на родовите односи, со посебен акцент на статусот и на позицијата на жената.

**Визијата на Општина Штип за изработка на Локалниот акционен план за еднакви можности е**:

**Родова рамноправност и еднаква застапеност на половите во сите сфери од современото живеење.**

**Мисијата на Општина Штип за изработка на Локалниот акционен план за родова еднаквост е**:

**Иницирање и реализација на активностите за воспоставување на нови и спроведување на постоечките механизми и норми за постигнување на родовата рамноправност.**

Изработката на овој документ е во согласност со Националниот план за акција за родова рамноправност. Стратешките области обработени во документот се:

- Жената и човековите права;
- Жената во процесот на одлучување;
- Жената и медиумите;
- Жената и претприемништвото;
- Жената и образованието.
- Жената и социјалната заштита;
- Жената и насилството;
- Жената и здравјето;

се стратешки области кои се детално разработени во Локалниот акционен план за социјална заштита на Општина Штип, Локалниот акционен план за превентивна здравствена заштита и промоција на здравје на Општина Штип, на кои што ќе се повикаме при имплементирањето на тој дел од политиките за родовата рамноправност.

**Партнерство**

Социјалното партнерствoто претставува задружување на повеќе институции заради поефикасно остварување на поставените цели на одредена социјална потреба. Институциите и организациите кои третираат одреден проблем (родова рамноправност), влијаат врз неговото решавање од свој аспект парцијално. На тој начин се постигнува мултисекторско влијание во функција на остварување на родовата рамноправност.

За утврдување на состојбата во општината освен ангажирањето на сопствени кадри, истата треба да ги вклучи сите расположливи институции, организации и други институции и вонинституционални облици. За успешна соработка помеѓу заинтересираните страни е

формирано координативно тело од страна на Советот на Општина Штип кое освен што го подготви ЛАП за еднакви можности, ќе има и постојан увид во неговата реализација.

**Координативното тело го сочинуваат**:

Координативно тело за изготвување на Локален акционен план за еднакви можности:

| Р.бр. | Име и презиме | Институција/Организација |
|---|---|---|
| 1. | Марина Јовановиќ | Соработник за Локален економски развој во општина Штип-Координатор |
| 2. | Данче Николовска Вратеовска | Претседател на Комисија за еднакви можности (КЕМ) при Совет на Општина Штип |
| 3, | Бети Пејева | претставник на НВО „ЕХО“-Штип консултант за акциони планови |
| 3. | Драгана Митровиќ | претставник од СДСМ- Штип |
| 4. | Нако Наков | претставник од Партија на власи од Македонија-Општински огранок Штип |
| 5. | Соња Петровска | Совет на Општина Штип-член на КЕМ |
| 6. | Валентина Дрмова | Совет на Општина Штип-член на КЕМ |
| 7. | Ерол Адемов | Референт за решавање на прашања на припадниците на заедниците во Општина Штип |
| 8. | Енисе Демирова | претставник на НВО „ Черења“ Штип |
| 10. | Виолета Карагунова | претставник на НВО „ Детски парламент“ Штип |
| 11. | Виолета Ефтимова | претставник од НВО „Нов живот“-Штип |
| 12. | Елена Ташкова | претставник на НВО „Синергија“-Штип |
| 13. | Цвета Давиткова | Совет на Општина Штип |
| 14. | Снежана Маролова | Совет на Општина Штип |
| 15. | Ана Кошевалиска | Совет на Општина Штип |
| 16. | Рајна Пановска | Народен правобранител Штип |
| 17. | Вилма Јованова | НУБ „Гоце Делчев“-Штип |
| 18. | Мери Лазарова | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Штип |
| 19. | Весна Стаменова | Помлад соработник за социјална, детска и здравствена заштита во Општина Штип |
| 20. | Лидија Василевска | Претставник на НВО „Веста“-„Женска акција“ - Штип |

**Главни активности на координтивното тело се:**

- идентификување на сите ризични групи од аспект на родовата рамноправност;
- увид и располагање на релевантните податоци;
- анализа на податоци и состојби;
- вршење на споредбени анализи;
- идентификување на приоритетните интервенции;
- идентификување на релевантни социјални сили (Институции, НВО, приватен сектор);
- Следење, увид и анализа на постигнатите резултети и реализирани активнисти од имплементацијата на ЛАПЕМ.

**Изработка на Акционен план**

Прв чекор во планирањето е согледување на постоечката сосотојба. Без реално точно согледување на состојбите не е можно да се утврдат приоритетите и насоките на делување. Социјалното партнерството е основен предуслов за квалитетно утврдување на состојбите. Тоа овозможува сеопфатно истражување на состојбите кај секоја целна група, каде секој од социјалните партнери, како засегната страна, дава свој придонес. Секој од партнерите треба да се обврзе да ги следи состојбите и движењата на оние целни групи со кои работи со што би се обезбедило повеќе институции взаемно да ги проверуваат и анализираат податоците со кои располагаат.

За секој од определените индикатори треба да се соберат податоци, да се обработат и да се даде соодветна анализа на состојбата. Ваквата анализа треба да се спореди со сличните анализи од други земји.

Врз основа на анализата се утврдуваат приоритетите, се почнува со процесот на планирање на активностите во насока на решавање или ублажување на проблемите. Планирањето на активностите се прави откако ќе се утврдат целите кои сакаме да ги постигнеме. Целите треба да се мерливи, реални и остварливи.

Секоја активност треба да биде поддржана со соодветна финасова конструкција и целосна програма која е насочена кон една година при што се споредува планирано со остварено односно дали се направени планираните активности, дали се направени во обемот колку што се планирани, дали се потрошрни толку средства колку се планирани и конечно дали е постигната целта.

Доколку дојде до неисполнување на целта, треба да се направи анализа зошто целта не е постигната и покрај исполнетите активности кои биле планирани.

Локалниот акционен план го изготвува координативно тело, го усвојува Советот на Општина Штип, а се однесува за период од 5 години.

# ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ

| **Проблеми/ризици** | **Облици на делување** | **Програма/ проект** | **Времетраење** месеци/години | **Буџет на проектот- евра за една година** | **Одговорни за имплементација/ Партнери** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Недоволна застапеност на жените во: јавните претпријатија, управните одбори, советот на општината, образовните институции;<br>-Недоволно вреднување на жените кандидати од страна на политичките партии;<br>- Недоволна заинтересираност на жените за учество во креирањето на јавните политики; | -Прикажување на успешните примери на жени од политиката и бизнисот;<br><br>-Подигање на свеста на раководството и членството во политичките партии;<br><br>-Примена на меѓународна позитивна пракса;<br><br>-Подигање на свеста кај жена-та за важноста од вклучува-њето во опште-ствените процеси | ***Еднакви можности на жените во процесот на политичкото живеење и дејствување***<br>**Активности:**<br>- Истражување за моменталната вклученост на жените во политичките партии;<br>( анкетирање на јавното мислење, на членките на УЖ на општинско ниво, на лидерите на партиите и анализа на резултатите)<br><br>- Презентација на резултатите преку: | Една година | 6000 евра | НВО<br>Совет на општина Штип-Комисија за еднакви можности | 10% Совет на општина Штип,<br>10% НВО<br>20% МТСП<br>60% Надворешни донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | А) Трибина со лидерите на ПО И УЖ;<br>Б) Медиумска презенатција (ТВ Емисии, кратки спотови, флаери)<br>В) Работилница со жени–членки на ПП и НВО кои работат со вклученоста на жените во политиката;<br>- Компаративна анализа на состојбите на вклученоста на жената во ЕУ (печатени материјали | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
